2. Во посебниот дел на буџетот се прикажани расходите според класификацијата на расходите што ја пропишува министерот за финансии, групирани според корисници и програми. Посебниот дел содржи и анекси кои се однесуваат на финансиски планови (биланс на приходи и расходи) на јавните служби основани од општината кои целосно или делумно се финансираат од буџетот на општината.

Средствата планирани со буџетот се максималните износи на средства со кои на општината и се дава право на задолжително наменско користење во рамките на планираните износи.

## ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ ЗА 2025 ГОДИНА

Планираните извори на приходи од кои ќе се финансираат програмите на расходи на Општината Петровец во текот на 2025 година произлегуваат од:

1. Даночни приходи
2. Неданочни приходи
3. Трансфери и донации

Застапеноста на категориите на приходи во вкупните приходи е како што следи:

| Приход | Буџет (мкд) | % |
|---|---|---|
| Даночни приходи | 80,930,000 | 24,50 |
| Неданочни приходи | 26,730,000 | 8,09 |
| Капитални приходи | 56,629,275 | 17,14 |
| Трансфери и донации | 164,690,953 | 49,87 |
| Вкупно: | 330,219,228 | 100,00 |

Од табеларниот приказ може да се заклучи дека најголемо учество во вкупните планирани приходи во буџетот имаат приходите од трансфери и донации кои во вкупните приходи влегуваат со 49,87%, и тоа:

- → Приходи на потставка 741113 Трансфери од буџетите на фондовите, дотација од фондот за патишта за одржување на јавните патишта во Општината, износ: 1,800,000 денари;
- → Приходи на потставка 741114 Пренесен вишок на приходи од претходната година салдо кое го пренесуваме на сметката 630 од 2024 во 2025 година, износ: 1.000.000 денари;
  - → Приходи на потставка 741115 Приходи од ДДВ, износ: 24,820,400 денари;
- → Приходи на потставка 741120 Блок дотации на општината по одделни намени, износ: 118,073,970 денари наменети за финансирање на јавните установи во Општина Петровец.

Во делот на капиталните приходи, доминираат приходите опфатени на ставката 733111 - Приходи од продажба на неизградено градежно земјиште во сопственост на Република Македонија со вкупен планиран износ од 56,629,275 денари.

а) Анализа на Даночните приходи

Даночните приходи за 2025 година во буџетот на Општина Петровец се планирани во износ од 80,930,000 денари, при што нивниот подетален распоред по видови е следниот:

| Приходи | План (мкд) | % |
|---|---|---|
| Данок на доход, од добивка и од капитални добивки | 5,270,000 | 6,50 |
| Даноци на имот | 26,730,000 | 33,02 |
| Даноци на специфични услуги | 48,750,000 | 60,24 |
| Такси за користење или дозволи за дејност | 180,000 | 0,22 |
| Вкупно | 80,930,000 | 100,00 |

Кај структурата на даночните приходи може да се забележи најголемо учество на приходите планирани од даноците на специфични услуги од 60,24 %.

б) Анализа на неданочните приходи

Неданочните приходи за 2025 година во буџетот на Општина Петровец се претставени во следната табела:

| Приход | План (мкд) | % |
|---|---|---|
| Глоби, судски и административни такси | 1,800,000 | 6,43 |
| Такси и надоместоци | 11,169,000 | 39,93 |
| Други неданочни приходи | 15,000,000 | 54,16 |
| Вкупно : | 27,969,000 | 100,00 |

## РАСХОДИ ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ ЗА 2025 ГОДИНА

Вкупните расходи во буџетот на Општина Петровец за 2025 година изнесуваат 333,222,219 денари:

- → Основен буџет: 201,376,124 денари
- → Дотации: 118,073,970 денари, и
- → Самофинансирачките активности: 10,769,000 денари.

## ФИНАНСИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ПО ПРИОРИТЕТИ УТВРДЕНИ ВО ПРОГРАМИТЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ ЗА 2025 ГОДИНА

*А0 - СОВЕТ НА ОПШТИНА*

Финансирањето на советот на општината се врши за реализација на следниве надлежности:

- Донесување на статутот на општината и други прописи;
- Донесување на буџет на општината, Одлука за извршување на буџетот на општината и годишна сметка на општината;

- Утврдување на висината на сопствените извори на приходи за финансирање на општината во границите утврдени со закон;
- Основање на јавни служби во рамките на надлежноста на општината и вршење надзор над нивната работа;
- Именување на членови во управните одбори на јавните служби кои ги основа;
- Усвојување на програми за работа и финансиски планови за финансирање на јавните служби кои ги основала општината;
- Усвојување на извештаите за извршување на буџетот и годишната сметка на општината;
- Давањето дозволи за вршење дејност од јавен интерес од локално значење, во согласност со закон;
- Усвојување на извештаите за работата и годишните сметки на јавните служби кои ги основала општината;
- Активности поврзани со начинот на располагање со сопственоста на општината;
- Активности поврзани со начинот на вршење на финансиска контрола на буџетот на општината во согласност со закон;
- Избор на лице кое раководи со подрачната единица на Министерството за внатрешни работи во општината во согласност со закон;
- Разгледување и усвојување на годишниот извештај за јавната безбедност на подрачјето на општината, кој го доставува до министерот за внатрешни работи и народниот правобранител;
- Давање на препораки на раководното лице на подрачната единица на Министерството за внатрешни работи од областа на јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот;
- Вршење на други работи утврдени со закон.

Работата на Советот на Општина Петровец се финансира во износ од 2,991,500 денари за извршување на следните работи:

1. Трошоци директно поврзани со работата на советниците (паушал и персонален данок кој е задолжителен дел при исплата на личните приходи).

*Д0 - ГРАДОНАЧАЛНИК*

Финансирањето на градоначалникот на општината се врши за реализацијата на следниве надлежности:

- Претставување и застапување на општината;
- Контролирање на законитоста на прописите на Советот на општината;
- Објавување на прописите на Советот на општината во службеното гласило на општината;
- Обезбедување на извршувањето на одлуките на Советот на општината;
- Обезбедување на извршувањето на работите кои со закон и се делегирани на општината;
- Иницирање и предлагање на прописи од надлежност на Советот на општината;
- Предлагање на годишниот буџет и годишната сметка на буџетот на општината;
- Извршување на буџетот на општината;
- Избирање на директори на јавните служби кои ги основала општината врз основа на јавен конкурс;
- Редовно известување на советот на општината за извршувањето на своите надлежности во согласност со статутот;
- Решавање на управни работи за права, обврски и интереси на правни и физички лица во согласност со закон;
- Донесување на правилник за систематизација на работните места на општинската администрација;
- Раководење со општинската администрација;
- Носење одлуки за вработувањето, правата, должностите и одговорностите на вработените во општинската администрација;
- Обезбедување правилно и законито користење, одржување и заштита на сопственоста на општината согласно закон и статутот;

– Вршење на други работи утврдени со закон и со статутот на општината.
Работата на Градоначалникот на Општина Петровец се финансира во износ од 2,193,000 денари за извршување на активности поврзани со неговото работење.
Средствата се планирани за финансирање на работата на градоначалникот на општината и тоа:
- Плата и надоместоци за градоначалникот.
- Тековна резерва.
- Стоки и услуги.

*А1- ИЗБОРНИ АКТИВНОСТИ И РЕФЕРЕНДУМИ*

Средствата **во износ 2,800,000 денари**, со кои се **финансираат изборни активности, локални избори планирани за 2025 година.**

*Е0 - ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА*

Средствата со кои се финансира работата на општинската администрација се во износ од **62,220,000** денари и истите се распоредуваат за:
- Плати на вработените во општината
- Тековно оперативни трошоци потребни за работењето на општината, вклучувајќи го и работењето на советот и градоначалникот, како што се:
  - Канцелариски материјали за потребите на општината.
  - Телефонски сметки на општината.
  - Тековни сметки на општината за потрошена електрична енергија, и други комунални услуги.
  - Тековни поправки и одржување на капиталните средства на општината.
  - Канцелариска опрема.

*ЕА- КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ НА ОПШТИНА*

**Средствата во износ од 22,850,000 денари се планирани за капитални трошоци на општината како изградба на општинска зграда и детска градинка.**

*Ф1 - УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ*

Средствата кои се планирани во рамките на ова програма во износ од 3.000.000 денари се наменети за изработка на нови урбанистички планови во текот на 2025 година, кои се во функција на долгорочниот економски развој на Општина Петровец, но и за исплата на долг по основ на изработка на урбанистички планови од претходен период.

*ФД - КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОР ВО РУРАЛНИ ПОДРАЧЈА*

Во рамките на оваа потпрограма планирани се **1,740,000** денари, средства примарно наменети за изградба на други објекти (тротоари, спортски игралишта, игралишта за деца, плоштади,...) на територијата на Општина Петровец, како и набавка на урбана опрема, согласно програмата за уредување на градежно земјиште за 2025 година.

*ГА –ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ*

Средствата кои се планирани за **2025** година, во рамките на ова програма во износ од **2,000,000** денари се намеенти за изготвување на проектна документација од областа на комуналната инфраструктура.

*Ј3 - ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ*

Средствата од програма јавно осветлување во износ од **8,700,000** денари се однесуваат на плаќање на тековни месечни фактури за потрошена електрична енергија и одржување на улично осветление, согласно програмата за јавно осветлување за 2025 година.

*Ј4 - ЈАВНА ЧИСТОТА*

Средствата за јавна чистота во износ од 6,600,000 денари се наменети за одржување на други зелени површини и чистење на одводни дренажни канали на територијата на Општина Петровец, согласно програмата за јавна чистота за 2025 година.

*Ј6- ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ УЛИЦИ И ПАТИШТА*

**Планирани се средства за одржување на улици во износ од 3.000.000 денари**

*ЈД - ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ УЛИЦИ И ПАТИШТА*
*ЈДБ – РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНА УЛИЦА ВО СЕЛО ГРАДМАНЦИ*
Во рамките на оваа потпрограма планирани се 57,093,937 денари, средства примарно наменети за изградба и одржување на локални улици и патишта и во населените места во Општина Петровец, согласно програмата за изградба на локални улици и патишта за 2025 година.

*ЈГ - ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ*
Средствата во износ од 3.240.000 денари, примарно се наменети за изградба на капацитети за водоснабдување во Општина Петровец согласно програмата за уредување на градежно земјиште за 2025 година.

*ЈИ - ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ*
Буџетирани се средства во износ од 10,500,000 денари за изградба на канализациона мрежа на територијата на Општина Петровец согласно програмата за уредување на градежно земјите за 2025 година.

*Љ0- ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ*

Средствата во износ од 350.000 ден се планирани за заштита и спасување согласно програма за заштита и спасување.

*Н1 - ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ*
За функциите на основното образование, односно за 2-те училишта на подрачјето на општина Петровец, за 2025 година, планирани се вкупно 112,380,132 денари, од кои 4,400,000 денари од сметката за самофинансирачки активности денари и 107,979,998 денари од сметка за блок дотации која се наога во рамките на општината, и тоа за:
- Канцелариски и други материјали за потребите на училиштата;
- Тековни сметки на училишта за потрошена електрична енергија, потрошена вода, подигање на смет, комуникација, затоплување и други комунални услуги;
- Тековни поправки и одржување на капиталните средства на училишта:
- Превоз на учениците,
- Капитални расходи.

*В1 - ДЕТСКИ ГРАДИНКИ*
Во 2025 година се планираат средства во износ од 16,232,972 денари од кои 6,139,000 денари од самофинансирачки активности и 10,093,972 денари дотација од ресорното министерство.

*ВА-КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ДЕТСКИ ГРАДИНКИ*

Планирани средства во износ од 230.000 денари за капитални расходи за детски градинки од самофинансирачки активности на детските градинки.

*ВАА-ИЗГРАДБА НА ДЕТСКА ГРАДИНКА КЛОН НА ЈОУДГ АВИОНЧЕ*

Средства планирани во износ од 12.097.687 наменска дотација од Министерство

ИЗРАБОТИЛ:
Марија Милоевиќ Тинтоски
Советник,Одговорен сметководител

**Член 1**

Се усвојува Буџетот на Општина Петровец за 2025 година.

**Член 2**

Одлуката за усвојување на Буџетот на Општина Петровец за 2025 година, стапува во сила со денот на објавувањето во Сл. Гласник на Општина Петровец.

**Совет на Општина Петровец**
**Претседател**
**Блаже Никчевски с.р.**

**Арх.Бр.07-3298/7**
**24.12.2024 година**

Врз основа на член 39, 40 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весни.бр.05/02) член 19, од Статутот на општина Петровец ( Сл.Гласник на Општина Петровец бр.09/06) член 61 став (1) од ДЕловодникот на Советот на Општина Петровец ( Сл,Гласник на Општина Петровец бр. 12/06) го донесувам следново

**РЕШЕНИЕ**

за прогласување на Буџетот на Општина Петровец за 2025 година

**Член 1**

Се прогласува Буџетот на Општина Петровец за 2025 година

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Петровец.

**ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Борче Митевски с.р.**

**Арх.бр.08-3414/1**
**24.12.2024 година**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22), член 31 од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија" број 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16), член 93 став 2 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 275/19.14/20, 215/21 и 99/22), одредбите на Општиот колективен договор за јавниот сектор на Република Северна Македонија бр.154/23, Гранскиот колективен договор за органите на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено – поправните и воспитно – поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 51/20 и 172/21) Колективен договор на Општина Петровец бр.08-2000/1 од 24.08.2022 год, Анекс на колективниот договор на Општина Петровец бр.04-750/1 од 29.03.2023 и член 45 од Статутот на Општина Петровец, Советот на Општина Петровец на 45 седница одржана на 23.12.2024 година, донесе

# ОДЛУКА за извршување на Буџетот на Општина Петровец за 2025 година

Член 1

Буџетот на Општина петровец за 2025 година се извршува според одредбите на оваа Одлука (во понатамошниот текст-Буџетот).

Член 2

Буџетот на Општината се состои од:
- Основен буџет;
- Буџет на самофинансирачки активности,
- Буџет на донации,
- Буџет на дотации и
- Буџет на заеми.

Член 3

Корисниците на средствата на буџетот се должни да постапуваат во согласност со буџетските начела, а утврдените средства во буџетот да ги користат наменски, рационално и економично .

Член 4

Расходите утврдени со буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да преземаат обврски.
За да се преземат нови обврски до Советот на општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ.

Член 5

Градоначалникот на општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи на основниот буџет на општината.
Доколку во текот на годината Градоначалникот оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со буџетот или дека реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планот, му предлага на Советот на Општината изменување и дополнување на буџетот.
Советот на Општината на предлог на Градоначалникот ги донесува измените и дополнувањата на буџетот најдоцна до 15 ноември во тековната година.

Член 6

Пренамената во рамките на одобрените буџети на буџетските корисници ја одобрува Советот на општината.
Во рамките на расходите утврдени во буџетот на буџетскиот корисник, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и потпрограми по претходно одобрување од Советот на општината.
Одобрените средства со Буџетот на ниво на ставка во рамките на потпрограма и буџет, не можат да бидат намалени повеќе од 20 % со прераспределба во тековната фискална година.
Одобрените средства за плати и надоместоци во рамки на буџет не може да се зголемат со прераспределби повеќе од 10%.

Член 7

Буџетските корисници, во услови кога во Буџетот на самофинансирачки активности, Буџетот на донации, Буџетот на дотации или Буџетот на заеми, планираните приходи и други приливи не се реализираат односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои Градоначалникот ги доставува до Советот на општината на одобрување.

Член 8

Буџетските корисници по усвојувањето на буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

Член 9

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во буџетот, односно бруто платите се утврдуваат за:

- Исплата на плата на градоначалникот е утврдена согласно Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во РМ
- вредноста на бодот на административните/државните службеници се утврдува со посебна Одлука донесена од Советот на Општината;
-
-

- на вработените од општинската администрација кои имаат статус на помошно-технички персонал платата ќе се исплатува согласно Законот за работни односи и Законот за исплата на плати.
- вредноста на бодот на вработените кои имаат статус на помошно-технчички персонал изнесува 11,34 денари во бруто вредност.

Член 10

Бруто платите на вработените во локалните јавни установи за 2025 година ќе се исплатуваат согласно утврдените коефициенти и утврдената вредност на бодот утврден со потпишаните колективни договори со ресорните министерства.

Член 11

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи, кои се финансираат со блок дотации ќе се спроведува на следниов начин:
- средствата ќе се планираат на сметка – дотации (930), а ќе се извршуваат преку сметката – дотации на локалните јавни установи (903);
- локалните јавни установи финансирани со блок дотациите се должни во рок од два дена пред исплатата на платите на вработените до Општината да доставaт барање за одобрување на средства за плати кон кое ќе ги приложат обрасците (копија од рекапитулација за пресметани нето и бруто плати, образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме, бруто и нето плата) за месецот за кој се однесува платата;
- во случај на нови вработувања во локалните јавни установи кои се финансираат од Буџетот на дотации се должни да достават известување за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М –1.

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи кои се финансираат од Буџетот на дотации ја контролира и одобрува Министерството за финансии.
Градоначалникот на општината е должен одделните пресметки на локалните јавни установи да ги достави до ресорното Министерство од кое ќе се трансферира блок дотацијата.
Ресорните Министерства доставените пресметки за исплата на бруто плати и надоместоци го доставуваат до Министерството за финансии за контрола и евиденција.

Член 12

Месечниот надоместок за присуство на седници на членовите на Советот изнесува 40% од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена за претходната година.
На претседателот на советот, за раководење и организирање на работата на Советот му се определува надоместок, зголемен за 30% од утврдениот надоместок од став 1 на овој член.
Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се исплатува за присуство на сите седници на советот во тековниот месец.
Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се намалува за 30% за секое отсуство од седница на совет.
Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот не се исплатува, доколку членот на советот не присуствувал на ниту една седница на советот во тековниот месец.
Месечниот надоместок за присуство на седниците не се исплатува, доколку советот во тековниот месец не одржал седница.

Член 13

Вработените во општинската администрација имаат право на патни и дневни трошоци во случаите кога се упатени на пат врз основа на уредни и веродостојни документи.
Висината на дневниците за службено патување во земјата се исплатуваат во висина од 700 денари[1] и тоа за секои поминати од 08 – 12 часа половина дневница (350 денари) и цела дневница од 12,$^{01}$ -24 часа цела дневница (700 денари).
За службените патувања во странство дневницата се исплатува во висина утврдена како за вработените во органите од централната власт.

Член 14

Исплата на име надомест за годишен одмор ќе се врши од Програма – Општинска администрација – Е0 расходно конто 404110 – Надоместоци за годишен одмор на основа донесено решение од Градоначалникот.
Висината на надоместокот за годишен одмор се утврдува во износ од 60% од просечната месечната нето плата во Република Северна Македонија објавена до денот на исплатата.

Член 15

Во случај на боледување подолго од шест месеци на работникот му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна нето плата во правниот субјект каде што е вработен од Програма – Општинска администрација – Е0 расходно конто 464990 –Други трансфери.

Член 16

Користењето на средствата од буџетот на општината за вршење на функциите на буџетските корисници се реализираат со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.
Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди и фискална сметка во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи до 6.000,00 денари каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

Член 17

За средствата утврдени во буџетот на општината во рамките на резервите (постојана и тековна буџетска резерва), одлучува Советот на општината, а ги извршува Градоначалникот.
За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе Годишен извештај за користењето на средствата од резервите.
За користење на средства од резервите до износ најмногу до 50.000 денари одлучува Градоначалникот.

Член 18

Исплатата на надоместоците за отпремнини за пензионирање на вработените во општината и локалните јавни установи ќе се врши од Програма – Градоначалник – Д0, односно Н1 образование, односно В1 социјална заштита и заштита на деца, односно од Програмата во која

[1] Член 20 став 2 алинеја 1 од Гранскиот колективен договор за органите на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судиите, јавните обвинителства, казнено – поправните и воспитно – поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ" бр. 51/20)

се планирани средствата за исплата на оваа намена, во висина од две просечни исплатени месечни нето плати во Републиката објавени до денот на исплатата.
Во случај на смрт на вработен во општината и локалните јавни установи на неговото семејство му припаѓа парична помош во висина од 30.000 денари, во случај на смрт на член на потесно семејство на вработениот му припаѓа парична помош во висина од 15.000 денари, а исплатата ќе се врши од Програма – Градоначалник – Д0 расходно конто 413110 - Тековни резерви (разновидни расходи) .
Исплатата на надоместоците од претходните ставови на овој член ќе се врши врз основа на претходно оформена и комплетна документација и донесено решение од страна на Градоначалникот.

Член 19

Исплата на име Јубилејни награди ќе се врши од Програма – Општинска администрација – Е0 расходно конто 464990 - Други трансфери на основа донесено решение од Градоначалникот, согласно Правилникот за доделување на јубилејни награди.

Член 20

Средствата утврдени во буџетот и распоредени во поодделните програми потпрограми ги извршува Градоначалникот на општината.

Член 21

Вработувањата во општинската администрација се вршат согласно актите за организација и систематизација на општината за кои се обезбедени средства во буџетот на Општината.
Во делот на пренесените надлежности согласност за нови вработувања во локалните јавни установи од областа на културата, образованието и социјалната заштита кои се финансираат со блок дотации се дава за:
- вработувања за кои се обезбедени средства во Буџетот на Република Северна Македонија за тековната фискална година, согласно член 51 став (1) и (4) од Закон за буџетите за што писмено известување ќе даде Министерството за финансии, врз основа на барање од градоначалникот на општината до надлежното министерство за потребата од вработување во локалните јавни установи, со соодветна пропратна документација, и
- вработувања за кои се обезбедени средства во основниот буџет на општината за тековната фискална година за што, согласно член 51 став (3) (4) од Законот за буџетите писмено известување ќе даде градоначалникот на општината.

Во случај на нови вработувања локалните јавни установи кои се финансираат со блок дотации се должни да доставaт позитивно известување до Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М-1.

Член 22

Се овластува одделението за финансиски прашања да ги примени одредбите од новите законски прописи кои ја регулираат исплатата на бруто платата.

Член 23

Средствата утврдени во поодделни Програми донесени од Советот на општината и истите целосно или делумно се извршуваат од страна на јавните претпријатија чиј основач е

општината, за реализација на истите градоначалникот склучува договор со соодветно јавно претпријатие за уредување на меѓусебните права и обврски и уредување на начинот на извршување на доверените работи, стоки и услуги.

Член 24

Кога приходите што му припаѓаат на буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.
Повратот на погрешно, на повеќе уплатени односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

Член 25

Буџетот на Општина Петровец се извршува од 01.01.20250 до 31.12.2025 година.

Член 26

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Петровец", а ќе се применува од 01 јануари 2025 година.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Петровец,
Блаже Никчевски с.р.

Арх.бр.07-3298/2

24.12.2024 година

# ОДЛУКА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ ЗА 2025 ГОДИНА

Со Одлуката за извршување на Буџетот на општина Петровец за 2025 година, се прецизира начинот на извршување на средствата утврдени во Буџетот на општина Петровец, начинот на пренамена во рамките на одобрените Буџети на буџетските корисници.
Со оваа одлука за извршување на буџетот се даваат јасни насоки и правила на постапување на сите засегнати страни/буџетски корисници на средства од Буџетот на општината Петровец со упатување на доследно почитување на буџетските начела и користење на средствата на законски, економичен, ефикасен и ефективен начин.
Исто така со наведената одлука е регулирана висината на поодделните надоместоци на вработените во општинската администрација и администрацијата вработена во правните субјекти корисници на средства од буџетот на општината.
Утврден е и начинот на постапување на користење на средствата од резервите и доделување на одредени помошти по основ на боледување подолго од шест месеца, во случај на смрт на вработен или член на негово потесно семејство итн.
Средствата утврдени во буџетот и распоредени во поодделни програми и потпрограми ги извршува Градоначалникот на Општината, а Буџетот на Општина Петровец се извршува од 01.01.2025 до 31.12.2025 година.

Врз основа на член 39, 40 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весни.бр.05/02) член 19, од Статутот на општина Петровец ( Сл.Гласник на Општина Петровец бр.09/06) член 61 став (1) од ДЕловодникот на Советот на Општина Петровец ( Сл,Гласник на Општина Петровец бр. 12/06) го донесувам следново

**РЕШЕНИЕ**

за прогласување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Петровец за 2025 година

**Член 1**

Се прогласува Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Петровец за 2025 година

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Петровец.

**ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**
**Г Р А Д О Н А Ч А Л Н И К**
**Борче Митевски с.р.**

**Арх.бр.08-3414/4**
**24.12.2024 год.**

Врз основа на член 88 став (2) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 275/19,14/20, 215/21 и 99/22 , Советот на Општина Петровец, на седница одржана на ден .12.2024 година, донесе

# ОДЛУКА

за утврдување на вредност на бодот за платите на административните службеници за 2025 година

Член 1

Вредноста на бодот за пресметување на платите на административните службеници за периодот од 01.01.2025 година до 31.12.2025 година изнесува 81,60 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Петровец", а ќе се применува со исплата на платата за јануари 2025 година.

Совет на Општина Петровец
Претседател
Блаже Никчевскис.р.

Арх.бр.07-3298/4
24.12.2024 година

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Согласно член 88 од Законот за административни службеници, Советот на општината со одлука ја утврдува вредноста на бодот за платите на државните службеници на предлог на градоначалникот, а во рамки на предвидениот буџет и врз основа на вкупниот број на административни службеници распоредени по соодветни нивоа за тековната година.

Вредноста на бодот за пресметување на платата на државните службеници во општините, градот Скопје и општините во градот Скопје се утврдува секоја година со Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници која ја донесува Советот.

Со оглед на наведеното, градоначалникот предлага Советот на општината да ја донесе предложената одлука.

Врз основа на член 39, 40 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весни.бр.05/02) член 19, од Статутот на општина Петровец ( Сл.Гласник на Општина Петровец бр.09/06) член 61 став (1) од ДЕловодникот на Советот на Општина Петровец ( Сл,Гласник на Општина Петровец бр. 12/06) го донесувам следново

**РЕШЕНИЕ**

за прогласување на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на административните службеници за 2025 година

**Член 1**

Се прогласува Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на административните службеници за 2025 година

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Петровец.

**ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Борче Митевски с.р.**

**Арх.бр,08-3414/2**
**24.12.2024 год.**

Буџетски календар на Општина Петровец за 2025 година

| Можен датум | Буџетски активности | Одговорност |
|---|---|---|
| 1-30 септември | Министерот за финансии подготвува буџетски циркулар во кој се содржани главните насоки за изготвување на Предлог буџетите за наредната година и висината на дотации од Буџетот на РМ, кој им го доставува на општините | Закон за буџетите<br>Закон за финансирање на ЕЛС |
| 5 октомври | Градоначалникот и одделението за финансиски прашања се составуваат, за да ги одредат приоритетите и одредбите на буџетот за наредната година | Градоначалник<br>Одделението за финансиски прашања |
| 10 октомври | Буџетските информации со формуларите за буџетските побарувања со упатствата се доставуваат до одделенијата и буџетските корисници заедно со писмото на Градоначалникот за зацртаните одредби | Одделението за финансиски прашања |
| 25 октомври | Проценката на трошоците за наредната буџетска година се враќаат на одделението за финансиски прашања од останатите одделенија и буџетски корисници | Раководители на одделенија<br>Буџетски корисници |
| 30 октомври | а. Се собираат буџетските барања<br>б. Барањата се анализираат и усогласуваат<br>в. Се изготвува билансот на приходи<br>г. Се изготвува билансот на расходи<br>д. Се изготвуваат развојните програми на Буџетот на општината | Одделението за финансиски прашања |
| 10 ноември | Градоначалникот ги разгледува и одобрува предложените буџетски пресметки и го одобрува Нацрт-буџетот подготвен од Одделението за финансиски прашања | Градоначалник |
| 25-30 ноември | Нацрт-буџетот (работен материјал) се разгледува прапат од Советот на Општината и се расправа за евентуални дополнувања | Совет на Општината |
| до 5 декември | Се доставува конечен предлог-буџет од страна на Градоначалникот | Градоначалник |
| 20 декември | Се води расправа во телата на Советот на Општината | Комисија за финансирање и буџет |
| 25-31 декември | 1. Седница на Советот на Општината за донесување на Буџетот за наредната буџетска година<br>2. Доколку Советот не го усвои Предлог-буџетот донесува одлука за времено финансирање согласно Законот за финансирање на ЕЛС, член 28 став 2 | Совет на Општината |
| 1 јануари | Започнува новата буџетска година | |

Арх.бр.07-3298/3

Совет на Општина Петровец
Претседател,
Блаже Никчевски с.р.

Врз основа на член 39, 40 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весни.бр.05/02) член 19, од Статутот на општина Петровец ( Сл.Гласник на Општина Петровец бр.09/06) член 61 став (1) од ДЕловодникот на Советот на Општина Петровец ( Сл,Гласник на Општина Петровец бр. 12/06) го донесувам следново

**РЕШЕНИЕ**

за прогласување на Буџетски календар на Општина Петровец за 2025 година

**Член 1**

Се прогласува Буџетски календар на Општина Петровец за 2025 година

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Петровец.

**ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Борче Митевски с.р.**

**Арк.бр.08-3414/3**
**24.12.2024 год.**